# „Оставете го тоа, затоа што тоа е одвратно.“

Џабир бин Абдулах, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, раскажува: „Бевме на една воена експедиција кога еден човек од мухаџирите удри еден човек од енсариите. Тогаш енсаријата извика: „О, енсарии!“ а мухаџирот извика: „О, мухаџири!“ Тоа го чу Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и праша: „Што е ова?“ Му одговорија: „Еден човек од мухаџирите удри еден човек од енсариите, па енсаријата извика: „О, енсарии!“, а мухаџирот: „О, мухаџири!““ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рече: „Оставете го тоа, затоа што тоа е одвратно.“ Џабир додаде: „Кога Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, пристигна, енсариите беа побројни; потоа мухаџирите се намножија. Тогаш Абдулах бин Убеј рече: ‚Зарем го направија тоа?! Се колнам во Аллах, ако се вратиме во Медина, посилниот ќе го истера послабиот.‘ Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, рече: ‚Остави ме, о Аллахов пратенику, да му ја отсечам главата на овој лицемер!‘ Но, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: ‚Остави го, за да не кажуваат луѓето: Мухамед ги убива своите асхаби.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, бил на патување во една воена експедиција заедно со своите асхаби – мухаџири и енсарии, Аллах нека е задоволен со нив, кога еден човек од мухаџирите удрил еден човек од енсариите. Енсаријата извикал: „О, енсарии, помогнете!“ А мухаџирот извикал: „О, мухаџири, помогнете!“ Ова го слушнал Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и рекол: „Што е ова?“ Му одговориле: „Еден човек од мухаџирите удри еден човек од енсариите, па енсаријата извика: ‘О, енсарии!’, а мухаџирот извика: ‘О, мухаџири!’“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Оставете ја оваа навика од времето на џахилиетот, затоа што таа е грда, одвратна и штетна.“ Тоа е кога човекот, ако биде нападнат од својот противник, го повикува својот народ – кои, од незнаење и племенска пристрасност, брзаат да му помогнат, било да е во право или во криво. Џабир рекол: „Кога Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, пристигна во Медина, енсариите беа побројни, но потоа и мухаџирите се намножија.“ Тогаш водачот на лицемерието, Абдулах бин Убеј бин Селул, рече: „Дали навистина ова го направија?! Се колнам во Аллах, ако се вратиме во Медина, посилниот –мислејќи на себе и своите – сигурно ќе го истера од неа послабиот – мислејќи на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, и асхабите со него.“ Омер бин ел-Хатаб, Аллах нека е задоволен со него, рече: „Дозволи ми, о Аллахов пратенику, да му ја отсечам главата на овој лицемер!“ Но, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Остави го, за да не кажат луѓето: Мухамед ги убива своите следбеници дури и ако само јавно се покажуваат како такви.“